Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 22-а од Правилникот за регулирање на цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 161/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 август 2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за 2020 година во износ од 1.630.226.320 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 519.271.684 kWh.
2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, регулираниот максимален приход за дистрибуција на топлинска енергија изнесува 1.531.663.644 денари, за испорачани 519.271.684 kWh топлинска енергија.
3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, надоместокот за снабдување со топлинска енергија изнесува 98.562.676 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 519.271.684 kWh, на ниво на мерно место.
4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19 и 219/19), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија на ниво на мерно место и тоа:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.071,8432 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,8866 |
| **КАТЕГОРИЈА ОБРАЗОВАНИЕ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.071,8432 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,8866 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.500,5804 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,6413 |

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а тарифните ставови од точка 4 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2020/2021 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, согласно член 21 од Правилникот за регулирање на цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 161/20), (во понатамошниот текст Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за снабдување со топлинска енергија за регулиран период почнувајќи од 1 август 2020 година бр.03-1443 од 29.05.2020 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.08-81/20 од 29.05.2020 година.

Кон Барањето, друштвото ја достави потребната документација согласно со Правилникот.

**Податоци од барањето**

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје во барањето ги има презентирано следните податоци:

| Р.бр | ОПИС | единица мерка | 2019 | Регулиран период 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Надоместок за услугата дистрибуција на топлинска енергија (MARodst)** | денари | **1.256.775.751** | **1.761.656.891** |
| 2 | **Надоместок за снабдување со топлинска енергија (NADst)** | денари | 82.276.598 | 93.399.883 |
| 3 | **Маржа за дејноста снабдување со топлинска енергија (Mt)** | денари | 27.649.067 | 88.082.845 |
| 4 | **Средства за ликвидност (LCt)** | денари | 29.224.959 | 35.233.138 |
| 5 | **Пренесени трошоци (CPT)** | денари | 9.441.583 | 13.206.430 |
| 6 | **Фактор на корекција (К)** | денари | **74.712.383** | **51.010.590** |
| 6.1 | **Фактор на корекција (К) за 2019 (фиксен дел) Одлука 31 јули 2019** | | 74.712.383 | |
| 6.2 | **Фактор на корекција (К) за 2019 (преостанат фиксен дел)** | | | 18.678.096 |
| 6.3 | **Фактор на корекција (К) за 2020 (фиксен дел)** | | | (63.393.790) |
| 6.4 | **Фактор на корекција (К) за 2020 (променлив дел)** | | | 7.837.356 |
| 7 | **Останати приходи** | | | 13.176.545 |
| 8 | **Регулиран максимален приход (MAR = MARodst + NADst + Mt + LCt + CPT - K)** | денари | **1.330.655.575** | **1.940.568.596** |
| 9 | **Количина на топлинска енергија (kWh)** | kWh | **428.457.905** | **515.306.541** |
| 10 | **Просечна цена по kWh** | (ден/kWh) | 3,11 | 3,77 |

Од доставените податоци на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје произлегува дека регулираниот максимален приход за вршење на регулираната дејност снабдување со топлинска енергија за греење за 2020 година треба да изнесува:

| Регулиран максимален приход за снабдување за 2020 година | Ед.мерка | 2020 |
|---|---|---|
| | Денари | 1.940.568.597 |
| Количина на топлинска енергија за испорака во 2020 година | kWh | 515.306.541 |

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 25.06.2020 година го објави известувањето во врска со Барањето за определување на максимален приход и цена за регулиран период на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика, како и во дневните весници „Слободен Печат“ и „ Коха“.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ги разгледа и делумно ги зема во предвид доставените забелешки.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на 29 јули 2020 година на својата веб страница ја објави Предлог Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје и ги повика сите заинтересирани страни да доставаат свои сугестии, забелешки и предлози.

Согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги бр.01-898 од 30 март 2020 година, ако за одлучување по прашањата од став (3) точки 4), 5) и 6) од член 5, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека нема потреба од одржување на подготвителна седница, ќе донесе решение акт за кој се одлучува да се донесе на седница без одржување на подготвителна седница. Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1775 од 21 август 2020 година, одлучи да се одржи седница за донесување на ова решение, без одржување на подготвителна седница.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот изврши анализа на доставените податоци и информации за контрола на одобрениот приход за 2019 година како и одобрените тарифни ставови со кои се остварува регулираниот максимален приход за дејноста снабдување со топлинска енергија за 2019 година, врз основа на што ја изготви оваа одлука.

При контрола на доставените податоци за 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 3.197.264 денари и за истите е земен во предвид износот одобрен со Одлуката за 2019 година.
2. Трошоците за тековно одржување се пресметани врз основа на остварените во 2019 година и истите изнесуваат 671.935 денари;
3. Трошоците за осигурување се пресметани врз основа на остварените во 2019 година и истите изнесуваат 302.637 денари;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 39.216.147 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2019 година;
5. Менаџерските плати и награди изнесуваат 5.942.103 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2019 година;
6. Другите услуги изнесуваат 22.817.271 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2019 година;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци изнесуваат 7.167.537 денари и за истите е земен во предвид износот одобрен со Одлуката за 2019 година;

8. Пренесените трошоци изнесуваат 2.516.983 денари.
9. Трошокот за амортизација за 2019 година изнесува 1.242.621 денари.

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи за 2019 година изнесува 2,2% односно 28.122.417 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 428.457.905 kWh.

Остварениот приход согласно бруто билансот во 2019 година изнесува 1.349.837.316 денари, додека регулираниот максимален приход во 2019 година, повторно пресметан со признаени вредности наместо прогнозирани изнесува 1.320.381.057 денари.

Факторот на корекција на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2020 година изнесува 29.459.616 денари. На пресметаниот износ за 2020 година се додава преостанатиот фактор на корекција од претходната одлука во износ од 18.678.096 денари. Согласно направените пресметки факторот на корекција на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2020 година изнесува 48.137.712 денари.

При анализа на доставените податоци во Барањето за определување на максимален приход за 2020 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар се прифатени согласно барањето и истите изнесуваат 3.251.651 денари.
2. Трошоците за тековно одржување се прифатени согласно барањето и истите изнесуваат 283.252 денари;
3. Трошоците за осигурување се прифатени согласно барањето и истите изнесуваат 304.545 денари;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 42.353.439 денари согласно барањето;
5. Менаџерските плати и награди се прифатени согласно барањето и истите изнесуваат 6.149.305 денари;
6. Другите услуги изнесуваат 22.817.271 денари и за истите е земен во предвид износот одобрен со Одлуката за 2019 година;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се прифатени согласно барањето и истите изнесуваат 7.824.420 денари;
8. Пренесените трошоци изнесуваат 1.268.005 денари.
9. Трошокот за амортизација за 2020 година изнесува 1.181.954 денари.

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи за 2020 година изнесува 2% односно 30.633.273 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 519.271.684 kWh.

Процентот за утврдување на средствата за ликвидност за 2020 година е утврден да изнесува во висина од 2% од трошокот за набавка на топлинска енергија системски услуги и услугата дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на што, средствата за ликвидност за 2020 година, изнесуваат 30.633.273 денари.

По извршената анализа Регулаторната комисија за енергетика утврди регулираниот максимален приход за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2020 година да изнесува 98.562.676 денари.

Трошок за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија за 2020 година изнесува 1.531.663.644 денари.

Вкупниот регулиран максимален приход на СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2020 година изнесува 1.630.226.320 денари.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-81/20**
**21 август 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**